Партнерство за Отворена Власт на **Северна Македонија**

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# Општина по мерка на граѓаните: Иновативен пристап за транспарентни, отчетни и инклузивни општини

## Зголемените надлежности на општините повлекуваат управување со поголем износ на средства, потреба од поголеми стручни капацитети, како и поголема отчетност и транспарентност кон граѓаните

Децентрализацијата и пренесувањето на надлежностите од национално на локално ниво значително ја зголемија одговорноста на локалните самоуправи во обезбедувањето јавни услуги и услови за живеење и ја наметнаа потребата за унапредување на нивните капацитети за самостојно располагање и управување со ресурсите и за зголемување на отчетноста и транспарентноста кон граѓаните. Недоволната комуникација и соработка со граѓаните и отсуството на механизми за нивно вклучување во процесите на донесување на одлуки, исто така, се предизвици со кои се соочуваат локалните самоуправи.[1]

Спроведените процеси за оценување на капацитетите на општинските совети идентификуваат повеќе можни полиња за унапредување на планирањето и трошењето на јавните средства. Ова особено се однесува на препознавањето и вклучувањето во општинските буџети на потребите на: етничките заедници, жените, лицата со попреченост и други групи граѓани. На пример, лицата со физичка попреченост вообичаено се соочуваат со физички бариери и немање можност за електронско користење на услугите. Приближно 70% од веб-страниците на 11 општини, кои биле предмет на анализа, овозможуваат интеракција и се пристапни за лицата со попреченост.[2]




**Спроведените процеси за оценување на капацитетите на општинските совети идентификуваат повеќе можни полиња за унапредување на планирањето и трошењето на јавните средства.**

1. Empowered municipal councils leading to better local governance – Municipal Councils (opstinskisoveti.mk)
2. Текстот е приспособен на потребите на оваа студија на случај, а врз основа на описот на проблемот објавен во оперативните насоки за избор на локални самоуправи во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети“ ОПЕРАТИВНИ НАСОКИ.pdf

Со цел унапредување на состојбите, државата презема низа активности, меѓу кои и заложбата насловена како **„воспоставување нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на локалните самоуправи и на социјалната инклузија“** во Акцискиот план за Партнерство за отворена власт на РСМ од 2016 година[3]. Оваа заложба опфаќа низа активности, меѓу кои: идентификување финансиски индикатори во квартални извештаи на ЕЛС, воспоставување и ставање во функција на електронски табли за објавување фискални информации на интернет-страници и мобилна апликација, воспоставување дополнителни алатки за иновативно управување, спроведување форуми во заедниците и поддршка на избор и имплементација на проекти идентификувани со граѓаните и ГО, подготовка на прирачник за приспособување на интернет-страниците на ЕЛС според потребите на лицата со попреченост, и адаптација на самите интернет-страници. Спроведувањето на оваа заложба е поддржано од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) (3.239.678 долари[4]), Европската Унија и Фондацијата Отворено општество – Македонија, преку два проекта спроведени од Програмата за развој на Обединетите нации во РСМ (УНДП), Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, и граѓанската организација Инклузива. Треба да се спомене дека оваа заложба се спроведува во континуитет низ три циклуси на ПОВ (2016, 2018 и 2021 година). За значењето и потребата на оваа заложба говори и изјавата на поранешниот заменик-министер за локална самоуправа Дејан Павлески[5]: **„Се стремиме кон ефикасни, ефективни и самоодржливи локални самоуправи кои ќе бидат во служба на граѓаните. Локални самоуправи кои ќе работат транспарентно и отчетно, имајќи го граѓанинот во својот фокус.“**

**„Воспоставување нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на локалните самоуправи и на социјалната инклузија“**

## Заложбата за унапредување на транспарентноста, социјалната инклузија и отвореноста на локално ниво беше спроведена преку девет различни чекори

Континуираното спроведување на заложбата резултира со: (1) зајакнување на капацитетите на општинските совети и локалните самоуправи за добро управување, финансиски менаџмент и писменост, соработка со граѓани, обврски и надлежности, работа со лица со попреченост преку користење на традиционални и иновативни пристапи; (2) финансиска

[3] ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО | Министерство за информатичко општество и администрација (mioa.gov.mk)

[4] Empowering Municipal Councils, 2 | UNDP Transparency Portal

[5] OVER ONE MILLION SWISS FRANCS TO STRENGTHEN LOCAL DEMOCRACY IN 18 MUNICIPALITIES – Municipal Councils (opstinskisoveti.mk)

поддршка на општинските совети и локалните самоуправи, воопшто, за спроведување консултации со граѓани; и (3) зајакнување на знаењата и соработката на општинските совети и локалните самоуправи преку воспоставување електронска алатка за нивно вмрежување, студиски посети во регионот и ЕУ, и споделување најдобри практики.

Со цел постигнување на овие резултати,
беа преземени **девет** чекори:

| | |
|---|---|
| **Чекор 1** | Спроведување процес на идентификување на моменталните капацитети и потреби на локалните самоуправи од аспект на капацитетите на членовите на општинските совети, можностите за информирање и вклучување на граѓаните, вклучително и граѓаните со попреченост. |
| **Чекор 2** | Подготовка на програма и материјали[6] за обука на членовите на советите во 24 општини[7] и обука за локалните даватели на услуги во три општини.[8] |
| **Чекор 3** | Подготовка на програма и материјали за обука наменета за лица со попреченост во однос на правото за пристап до информации од јавен карактер и спроведување обука. |
| **Чекор 4** | Развивање прирачник за приспособување на интернет-страниците на локалните самоуправи според потребите на лицата со попреченост (http://inkluziva.mk/wp-content/uploads/2019/02/Vodic-za-adaptacija-na-web-strani.pdf) и приспособување на интернет-страниците на две општини (Куманово и Крива Паланка). |

6 Програма и материјали за обука на советниците на теми поврзани со запознавањето со нивните надлежности, можности и обврски; финансиски менаџмент и вклучување граѓани.

7 Велес, Чаир, Охрид, Струмица, Свети Николе и Валандово во 2016/2017 година. Куманово, Центар, Гостивар, Желино, Брвеница, Струга, Могила, Кавадарци, и Кочани во 2018/2019 година. Ѓорче Петров, Тетово, Крушево, Вевчани, Зрновци, Чашка , Богданци, Битола, и Берово во 2019/2020 година.

8 Штип, Виница и Пробиштип.

| | |
|---|---|
| **Чекор 5** | **Чекор 5:** Воспоставување електронска платформа (http://indikatori.opstinskisoveti.mk/Account/Login/logoutForm) во 40 општини и градот Скопје (24 опфатени со проектот и 17 дополнителни општини) за објавување визуелизирани фискални информации на квартално ниво кои се однесуваат на: тековниот оперативен биланс, тековниот капитален биланс, приходите и расходите по категории, достасаните ненамирени обврски, задолжувањата на локалните самоуправи и јавните претпријатија, и достасаните и намирени обврски. |
| **Чекор 6** | Спроведување форуми во заедницата во 24 општини преку кои беа избрани и финансирани 33 проекти насочени кон подобрување на условите во училиштата и градинките, подобрување на условите за спортување и рекреација, поддршка на младите итн. |
| **Чекор 7** | Воспоставување дополнителни алатки заради воведување иновација во управувањето на 24-те опфатени општини преку набавка на опрема за пренос во живо на седниците на советите од 18 општини; набавка на е-киоск за наплата на локални даноци, водовод и канализација, паркинг и фирмарина во 2 општини; воспоставување платформа за учество во распределба на буџетските средства во една општина (http://mojbudzet.centar.gov.mk/mojbudzet/) итн. |
| **Чекор 8** | Спроведување студиски посети во Словенија и Хрватска наменети за членовите на советите, со цел размена на искуства. |
| **Чекор 9** | Изработка на електронска платформа наменета за членовите на советите на сите 81 локални самоуправи, со цел пристап до материјалите и едукативните ресурси користени за време на обуките, пристап до законите и другите правни акти релевантни за нивното работење, комуникација и вмрежување меѓу советите од различните локални самоуправи (http://opstinski.mk/login/index.php). |











## Граѓаните од речиси половина од општините во РСМ започнаа да ги уживаат придобивките од ПОВ заложбата

**Дваесет и четири локални самоуправи воведоа статутарна обврска и практика на организирано информирање и вклучување на граѓаните во предлагањето и изборот на проекти од клучна важност за нив.** Вклученоста на граѓаните резултираше со низа на проекти, како на пример: изградба на три сензорни соби во три детски градинки во Општина Центар наменети за 30-45 деца[9] со тешкотии во развојот, со цел обезбедување поквалитетен живот, развој на нивните капацитети и нивна натамошна инклузија во процесот на образование и во општеството; Општина Центар отстапи и адаптира простор за здруженија на млади, со цел реализирање на нивните програмски активности; Општина Штип подготви социјален план за развој на социјални услуги за лицата со попреченост; Општина Куманово вработи лице со целосно оштетен вид итн.

**Секој петти граѓанин (20%) во 2019 година предложил иницијатива за решавање на некој проблем/прашање во својата општина,** што во однос на 2017 година претставува зголемување за 5,8 проценти[10].

**Овозможена е континуирана едукација на сегашните и идните општински советници преку веб-страницата за електронско учење и соработка меѓу ЕЛС и преку обуки на локалните даватели на услуги за препознавање и вклучување на потребите на граѓаните.** Преку заложбата беа обучени членовите на 24 општински совети за добро управување, финансиски менаџмент и писменост итн. Во три општини локалните даватели на услуги беа обучени за препознавање на потребите на лицата со попреченост.

**Воведена е практика на објавување на информации и приспособување на информациите кон потребите на различните групи граѓани.** Во 24 општини граѓаните можат редовно да ги следат седниците на советите; да имаат увид во дневниот ред и записниците од седниците; да имаат пристап до основните буџетски документи и информации итн. Две општини во целост ги приспособија своите веб-страници на потребите на лицата со попреченост.

**Зголемен е степенот на задоволство на ранливите групи граѓани од условите за живеење во локалните самоуправи.** Во 2019 година, степенот на задоволство е зголемен за девет процентни поени во однос на 2018 година[11].

**Воспоставен е континуиран и поедноставен начин за информирање на граѓаните во однос на финансиското работење на 40 локални самоуправи и Град Скопје, преку платформа за автоматска визуелизација на фискалните информации.**

9 Сензорните соби имаат капацитет за опслужување поголем број деца кои имаат потреба од помош и поддршка во развојот. Наведениот број се однесува само на моменталниот опфат на ниво на општина Центар, односно, на бројот на деца кои во моментот имаат потреба од оваа услуга. (https://opstinskisoveti.mk/en/подобрени-условите-за-децата-со-попре/)

10 PUBLIC OPINION SURVEY REPORT ON CITIZENS’ satisfaction FROM LOCAL SERVICES (opstinskisoveti.mk)

11 PUBLIC OPINION SURVEY REPORT ON CITIZENS’ satisfaction FROM LOCAL SERVICES (opstinskisoveti.mk)

# ОПШТИНИТЕ ТРЕБА ДА ПРОДОЛЖАТ СО УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО НОСЕЊЕТО ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Ипокрај постигнатите успеси, локалните самоуправи треба да продолжат со унапредување на граѓанското учество во носењето одлуки на локално ниво, преку:

- запознавање на граѓаните со надлежностите и функциите на локалните самоуправи и нивните органи, како и со можноста за нивно вклучување во процесите на донесување одлуки;
- предвидување буџетски средства за организирање консултации со граѓаните, како и издвојување средства за финансирање иницијативи предложени од граѓаните;
- регулирање на процесот на спроведување консултации со граѓаните и избор на предложени граѓански иницијативи;
- воспоставување комуникација меѓу граѓаните и општинските советници;
- воведување граѓански буџети;
- усогласување на финансиското известување на локалните самоуправи и Министерството за финансии, со цел овозможување автоматска обработка и објавување податоци и информации;
- приспособување на општинските веб-страници во согласност со потребите на лицата со попреченост и овозможување физички пристап до институциите кои обезбедуваат услуги на локално ниво.

Оваа студија на случај е подготвена врз основа на анализа на јавно достапни информации и изјави добиени преку спроведени интервјуа со вклучени и засегната страни во спроведувањето на заложбата „воспоставување нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на локалните самоуправи и на социјалната инклузија“.

Благодарност до:

1. **Мартин Николиќ**, асистент за истражување, Програма за развој на Обединетите нации во РСМ;
2. **Благица Димитровска**, претседател на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество (Инклузива);
3. **Слаѓана Јосифовска**, програмски координатор во Женски форум од Тетово;
4. **Весна МихајловаКуковска** –раководител на Секторот за локален економски развој во Општина Центар.

Партнерство за Отворена Власт на **Северна Македонија**

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ**

**Наслов:** Општина по мерка на граѓаните: Иновативен пристап за транспарентни, отчетни и инклузивни општини

**Автор:** м-р Дарко Антиќ

**Дизајн:** Кома

Студијата на случај може бесплатно да се преземе на: **http://www.ovp.gov.mk**

Студијата на случај е поддржана од Секретаријатот на ПОВ за потребите на проектот „Поддршка на процесот на кокреирање на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021 – 2023“ кој го спроведе Фондацијата Отворено општество – Македонија во партнерство со Центарот за граѓански комуникации и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација.

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

ESE